Бр./Nr 12-3285/4
19-10-2020 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по пријава доставена од подносителот -------------, на продолжението од 39 - та седница одржано на 15.10.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-2358/1 од 09.04.2019 год по пријава доставена од подносителот ------------- до Државната комисија за спречување на корупцијата, **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-2358/1 од 09.04.2019 год, поради тоа што за истиот случај веќе е оформен предмет и по истиот постапува Основното јавно обвинителство Скопје.

Предметот со број 12-2358/1 од 09.04.2019 год да се затвори и архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-2358/1 од 09.04.2019 год е оформен по пријава доставена од подносителот ----------.

Во пријавата се наведуваат наводи за сомневање за незаконитости сторени од страна на Општина Центар и други државни органи во подолг временски период почнувајќи од 2005 година, со неспроведување на конкретни решенија на Министерството за финансии за воведување во владение на сопствениците на денационализиран недвижен имот, кој се наоѓа на градежно земјиште што претставува КП 4651 КО Скопје во површина од 665 м2, по стар премер сега дел од КП 8728 КО Центар 1 со површина од 463 м2 и дел од КП 8728 КО Центар во површина од 194 м2 на аул.171, поранешна сопственост на ---------------------------------.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет и проверка на наводите во пријавата, ДКСК со Барање за прибирање податоци и информации број 12-2358/4 од 27.08.2019 година побара од општина Центар да достави изјаснување и целосна информација во врска со предметниот случај.

Во законски утврдениот рок општина Центар достави Известување со број 09-4336/2 од 17.09.2019 година до ДКСК со кое ја извести дека во моментот не може општината да ги даде бараните информации

за конкретните прашања од причина што целокупната документација е доставена до Основното јавно обвинителство Скопје на нивно барање КО3.бр. 332/17 од 18.12.2017 година, кое се однесува на предметот кој се води во ОЈО Скопје под број КО3 бр. 332/17 од 18.12.2017 год.

Со цел прибавување на потребните информации за утврдување на фактичката состојба во конкретниот предмет по кој постапува ДКСК, Претседателката на ДКСК, ------------- и членот на ДКСК -------, кој работи на предметот со број 12-2358/1 од 09.04.2019 година, на нивно барање на 17.09.2020 година оствариja средба со Јавниот обвинител, --------------- во Основното јавно обвинителство Скопје, која постапува по предметот и е договорено да се организира уште една средба каде присутен ќе биде Основниот јавен обвинител ---------------.

На барање на ДКСК, на 06.10.2020 година беше одржан работен состанок со јавните обвинители -------------------, на која беше презентирано кои документи ги има прибавено ДКСК и кои дејствија во досегашното постапување на ДКСК се преземени во насока на утврдување на фактичката состојба. Со оглед на фактот, дека прибавен е одговор од општина Центар дека целокупната документација по овој предмет општината ја доставила до Основното јавно обвинителство Скопје по нивно барање КО3.бр. 332/17 од 18.12.2017 година, двете страни се согласија целокупната документација која ја има прибавено ДКСК во досегашното нејзино постапување да ја достави до Основното јавно обвинителство Скопје, како дел од прибавената документација на предметот кој се води во ОЈО Скопје под број КО3 бр. 332/17 од 18.12.2017 год.

Со допис – достава на документација со број 12-3585/3 од 09.10.2020 година ДКСК ја достави целокупната прибавена документација поврзана со овој предмет до Основното јавно обвинителство Скопје и воедно побара по завршување на неговото постапување по предметот со број КО3 бр. 332/17 од 18.12.2017 год. да биде известена за исходот од истото.

Имајќи го во предвид сето горенаведено, како и фактот дека за истиот случај веќе е оформен предмет и по истиот постапува Основното јавно обвинителство Скопје кое презема процесни дејствија согласно закон со цел утврдување на фактичката состојба во случајот, ДКСК заклучи дека нема елементи за нејзино натамошно постапување по овој предмет и предметот да се затвори и архивира. Оттаму, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р И.П
Одобрил: Н.Б. член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**